


**Мане Јаковлески, Претседател на УВ на ВМРО-ДПМНЕ**

Кога се одржува партиски конгрес, најчесто јавноста го гледа како формален настан. Но 18-от Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ, одржан во Кавадарци, не беше ниту формален, ниту обичен. Тоа беше пресвртна точка, историска линија меѓу минатото и иднината, меѓу години на национално понижување и години на државничка обнова.

18-от Конгрес беше организиран беспрекорно но најважно беше, духот, зрел, спокоен и сигурен. Не се гледаа поделби, суети или лични агенди, туку јасна цел: државата да оди напред, а народот да живее подобро.

Кога чекорев во салата во Кавадарци, на 18-от Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ, го почувствував она чувство што одамна не сум го почувствувал во македонската политика: чувство на зрелост, на сила, на единство и на одговорност. Тоа не беше уште еден партиски собир, тоа беше потврда дека Македонија конечно ја затвора страницата на политичка нестабилност и влегува во период на стабилна државност.

Додека Македонија тонеше во корупциски скандали, рекетарски афери и политичка деградација, Мицкоски успеа да го зачува ВМРО-ДПМНЕ, чисто од криминал и морално исправено и го победи СДС во битка кога тие мислеа дека се недопирливи.

Трите изборни порази на не се случајни, тие се референдум на народот за време на нивното коруптивно и антимакедонско владеење.

Седум години Македонија беше жртва на владеење во кое државата беше претворена во приватен интерес на мала група луѓе поврзани со СДС.

Седум години видовме:

-корупциски шеми кои станаа систем,

-институции претворени во лични каси,

-аматеризам облечен во европски фрази,

-национални отстапки без никаква државна стратегија,

-понижени ветерани, понижен народ, понижена држава.

18-от Конгрес јасно ја пресече оваа состојба. Тоа беше политичка порака до граѓаните: Ерата на беспомошност, примитивен популизам и институционален распад заврши. Започнува ерата на стабилност, ред и државна самодоверба.



**Претседателот Христијан Мицкоски на Конгресот не беше само реизбран. Тој беше задолжен од членството, од ветераните, од народот да ја доврши работата што ја започна.**

Има три клучни причини зошто партијата никогаш не дала посилна и пообединета поддршка на еден лидер:

Прво: Додека Македонија тонеше во корупциски скандали, рекетарски афери и политичка деградација, Мицкоски успеа да го зачува ВМРО-ДПМНЕ чисто од криминал и морално исправено.

Второ: Трите изборни порази на СДС не се случајни, тие се референдум на народот за нивното владеење.

Трето: затоа што народот верува во новата генерација државници што тој ја создава.




ВИЗИЈА ШТО
ГРАДИ ДРЖАВА!
ДЕЛЕГАТ


XVIII КОНГРЕС
НА ВМРО-ДПМНЕ
ВИЗИЈА ШТО ГРАДИ ДРЖАВА!


ШТО
КАВА!


XVIII КОНГРЕС
НА ВМРО-ДПМНЕ


XVIII КОНГРЕС
НА ВМРО-ДПМНЕ
КАВАДАРЦИ | 6 ДЕКЕМВРИ 2025







